Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на второто продолжение од 55-та седница одржано на ден 18.11.2021 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката на ДКСК по предмет број 08-3629/1 од 20.10. 2020 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на __________, поранешен член на ___________________ и поранешен вршител на должност директор на ________________________, СЕ ЗАПИРА.

Се констатира дека по поднесени барања за поведување на прекршочна постапка против _________________, поранешен член на ___________________ и поранешен вршител на должност директор на ________________________, Прекршочната комисија во ДКСК донела Решение број 14-1277/4 од 10.11.2021 година и Решение број 14-1627/4 од 10.11.2021 година со кои именуваниот го огласила за одговорен за прекршоци по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и му изрекла прекршочни санкциии ГЛОБИ во износ од по 300 евра во денарска противвредност.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот заведен под број 08-3629/1 од 20.10. 2020 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК по прибавена документација и од увидот во својата евиденција констатира дека лицето ________________ со Одлука број 08-1066/1 од 08.02.2019 година е разрешено од функицијата член на ___________________, додека со Одлука број 24-5525/1 од 17.07.2019 година е разрешено од функцијата вршител на должноста директор на ___________________ и дека во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанокот на наведените функции не поднело анкетни листови до ДКСК.

Поради горенаведеното, ДКСК на именуваното лице му издаде прекршочен платен налог бр.08-202/3 од 20.01.2021 година и прекршочен платен налог број 08-202/4 од 20.01.2021 година, за сторени прекршоци од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казниви по член 109 од истиот закон.

Од страна на именуваниот, во законски утврдениот рок не е постапено по прекршочните платни налози, поради што ДКСК до Прекршочната комисија во ДКСК поднесе барања за поведување на прекршочни постапки против именуваното лице..

Прекршочната комисија во ДКСК со Решение број 14-1277/4 од 10.11.2021 година и Решение број 14-1627/4 од 10.11.2021 година именуваниот го огласила за одговорен за прекршоци по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и му изрекла прекршочни санкции ГЛОБИ во износ од по 300 евра во денарска противвредност.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:
Одобрил:

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**